**20081473068**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2007), министерот за здравство во согласност со министерот за животна средина и просторно планирање и министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НИВОТО НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат граничните вредности за нивото на бучава во животната средина.

Член 2

Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори пропишани со овој правилник не треба да бидат надминати во подрачјата диференцирани според степенот на заштита од бучава определени со Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/08).

Член 3

Според степенот на заштита од бучавата граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

| Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава | ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Член 4

Граничните вредности за нивото на основните индикатори за бучава внатре во просториите во кои престојуваат луѓето, а особено во кои престојуваат осетливите групи на население, како и заради заштитата од несакани ефекти по здравјето, изнесуваат:

| Видови на простории | ниво на бучава изразена во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_д$ | $L_в$ | $L_н$ |
| Болничка соба, единици за интензивна нега, операциони сали | 30 | 30 | 30 |
| Простории во станбени објекти, простории за одмор на деца, спални соби во домови за стари лица и пензионери, хотелски соби | 35 | 35 | 30 |
| Ординации во здравствени установи, сали за конференции, киносали, театарски и концертни сали | 40 | 40 | 35 |
| Училници, читални, амфитеатри, предавални, простории за научноистражувачка работа | 40 | 40 | 40 |
| Работни простории во административни згради, канцеларии | 50 | 50 | 50 |
| Фоаје на театри и кина, фризерски и козметички салони, ресторани, слаткарници | 55 | 55 | 55 |

Член 5

Гранична вредност за дополнителниот индикатор, LAmax, кои не треба да бидат надминати со цел да се спречат несакани ефекти по здравјето кај изложената популација изнесуваат:

| Видови на простории | ниво на бучава изразена во dBA | |
|---|---|---|
| | LAmax ден | LAmax ноќе |
| Станбена зона (надвор) | / | 60 |
| Простории во станбени објекти, простории за одмор на деца, спални соби во домови за стари лица и пензионери, хотелски соби (внатре) | / | 45 |
| Болници и други стационарни објекти за лекување | / | 45 |
| Индустриски, комерцијални, трговски и сообраќајни реони | 110 | 110 |
| Јавни собири, фестивали, концерти, дискотеки | 110 | 110 |

Член 6

Граничните вредности за нивото на бучавата во реони надвор од урбанизирани локации изнесуваат:

| Видови реони | ниво на бучава изразено во dBA | | |
|---|---|---|---|
| | $L_{д}$ | $L_{в}$ | $L_{н}$ |
| Реони изложени на интензивен патен сообраќај | 60 | 55 | 50 |
| Реони изложени на интензивен железнички сообраќај | 65 | 60 | 55 |
| Реони изложени на авионски сообраќај | 65 | 65 | 55 |
| Реони со интензивна индустриска активност | 70 | 70 | 70 |
| Тивки реони надвор од агломерациите | 40 | 35 | 35 |

Член 7

Гранична вредност за нивото на бучава што се создава при одржување на јавни приредби, јавни собири или други јавни настани проследени со употреба на звучни и други уреди кои доведуваат до зголемување на бучавата не треба да надминува 85dBA (LAeq, T<85 dBA), а максималното ниво на бучава не треба да надминува 110 dBA (LAmax <110 dBA), без оглед на времетраењето на настанот.

Граничните вредности за нивото на основните индикатори на бучава во подрачјата од член 3 и граничните вредности за нивото на дополнитлниот индикатор на бучава од член 5 на овој правилник не треба да се надминат при јавни приредби, јавни собири, церемонии, фестивали, концерти и други јавни облици на забава со употреба на звучна опрема кои се одвиваат во затворен простор за времетраењето на настанот.

Граничната вредност за нивото на бучава при јавни обраќања, односно при употреба на звучни уреди за обраќање кон луѓето во затворени објкети или на отворено, не треба да надминува 85 dBA (LAeq<85 dBA), а максималното ниво не треба да надминува 110 dBA (LAmax <110 dBA).

Граничната вредност за нивото на бучава при изведување на огномети или употреба на огнено оружје не треба да надминува 140 dBA (SEL<140dBA).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-7378/2
12 ноември 2008 година
Скопје

Бр. 10-14393/7
27 октомври 2008 година
Скопје

Бр. 07-77362/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.

Министер
за здравство,
д-р **Бујар Османи**, с.р.

Министер за
внатрешни работи,
**Гордана Јанкулоска**, с.р.